УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

MAAA
MACEDONIAN AMERICAN ALUMNI ASSOCIATION
Building bridges of cooperation between the United States and Macedonia

# Mental health and mental illness through film art





Dijana Miloseva, MD
Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia
University Clinic of Psychiatry, Skopje

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

MAAA
MACEDONIAN AMERICAN ALUMNI ASSOCIATION
Building bridges of cooperation between the United States and Macedonia

# Менталното здравје и менталните болести низ филмската уметност




Д-р Дијана Милошева
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
Универзитетска Клиника за психијатрија, Скопје

- МОТИВ
- РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПСИХОЛОШКИТЕ ФЕНОМЕНИ ВО ФИЛМОТ
- ПСИХОПАТОЛОГИЈАТА ВО РАЗНИ ФИЛМСКИ ЖАНРОВИ
- ПОГРЕШНИ КОНЦЕПЦИИ И СТЕРЕОТИПНИ ТЕМИ ВО ФИЛМОВИТЕ

- **МОТИВ**

Сценарио и анализа на филмот „Beautiful Mind“ од Akiva Goldsman

Наидов на многу интересна метафора која е многу блиска до моите размислувања и став за полезноста и бенефитот кои го имаме од анализа и гледање на филмови со тематика од менталното здравје и менталните болести.

Гледањето на филмови со ваква тематика буди мотивација да размислиме за една круцијална разлика во пристапот кога ги гледаме лицата со ментални болести од позиција на ментално здрава личност и пристап кога ги доживуваме овие личности со длабоко разбирање и емпатија за нивната состојба, без стигма.

- Ако го видиме светот со очите на тие кои длабоко страдаат, ќе ги разбереме многу поинаку и многу различно.
- Со која цел?
- Надежта е дека ако после гледањето на некој филм во кој се третира менталното здравје и менталните болести, видиме личност која минува низ тежок период и ја разбереме и гледаме поинаку, со разбирање и емпатија за различноста и комплексноста на човековиот ум, тогаш сме ја постигнале целта.

Низ годините наназад светските искуства на врвни универзитети покажале дека филмот е моќен медиум за едуцирање на студенти од медицина, клиничка психологија, неврологија, психотерапија и советување, вклучително и психоедукација на пациенти и едуцирање на аудиториумот за фасцинантниот свет на психопатологијата.

- Во целосното човечко перцептивно искуство скоро ништо толку не нè заокупира со информации или не нѝ ги евоцира емоциите како што е тоа визуелното доживување.

- Филмските уметници остваруваат богатство на визуелно доживување, комбинирајќи го со аудитивни стимулуси, креирајќи со тоа ултимативно искуство на сон: филмот.

# Што всушност се случува во психата на луѓето?

- Гледачот влегува во состојба на апсорпција, концентрација и патење, преокупиран со приказната и специфичностите на карактерите на платното.

- Филмот пружа своевидна егзацербација на театар каде гледачот потполно е преокупиран со слика и звук и секако со највлијателната форма на масовна комуникација.

- Холивуд ја преземал оригиналната инвенција на филмска камера и создал нова форма на уметност во која гледачот е директно вклучен во работата на уметноста.

# Што всушност се случува во психата на луѓето?

- Гледачот влегува во состојба на апсорпција, концентрација и патење, преокупиран со приказната и специфичностите на карактерите на платното.

- Филмот пружа своевидна егзацербација на театар каде гледачот потполно е преокупиран со слика и звук и секако со највлијателната форма на масовна комуникација.

- Холивуд ја преземал оригиналната инвенција на филмска камера и создал нова форма на уметност во која гледачот е директно вклучен во работата на уметноста.

- **РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПСИХОЛОШКИТЕ ФЕНОМЕНИ ВО ФИЛМОТ**

Д-Р ДИЈАНА МИЛОШЕВА

- Психолошките феномени, благодарејќи на својот специфичен јазик на слика, боја и звук, пластично и впечатливо може да ги отсликува психолошките состојби на умот и промената на менталниот статус.

- Комбинацијата на слики, дијалог, звучни ефекти и музика во филмовите, можат да поттикнат и да ги обликуваат нашите чувства и мисли.

- Светлоста, бојата и звукот кои се емитуваат од екранот можат кај гледачите да побудат уверување дека тие самите преживуваат искуства кои се случуваат на екранот.

- Филмот со својата наративна техника и семиотика може да биде користен како медиум на преплетување на фантазијата и реалноста. Режисерот може да креира таква ситуација во која гледачот не е во состојба да разликува што е реалност, а што потсвесна фантазија на ликовите.

- Психичките процеси како што се мислење, сеќавање, имагинација, емоции, не се видливи, но јазикот на монтажата и техниката на камерата по примерот на споро исчезнување/избледување на слики може да ги сугерира овие „невидливи“ процеси.

- Исто така, монтажата на филмот може да биде таква, да гледачот е приморан да размислува за психолошките феномени.
- Вклучувањето на слики со симболички значења, исто така можат да евоцираат одредени расположенија или да го подготват гледачот на настани кои се случуваат.

## ➢ПСИХОПАТОЛОГИЈАТА ВО РАЗНИ ФИЛМСКИ ЖАНРОВИ

Прикажувањето на менталните растројства во филмовите е во три популарни жанра: драми, хорор филм, трилери.

Најефективните и најпластичните портрети на менталните болни настануваат при давање на енергија на монтажа на надреалните  експресионистички слики, која треба да биде реалистична и веродостојна, со што е овозможен увид и продор во интерниот свет на психата на ликовите.

Вештите режисери можат убедливо на филмската публика да ѝ конструираат и проектираат перцептивни аберации, како визуелни халуцинации.

- **ПОГРЕШНИ КОНЦЕПЦИИ И СТЕРЕОТИПНИ ТЕМИ ВО ФИЛМОВИТЕ**

Според Weddding, Boyd & Niemie (2010), масовните медиуми можат да дадат и многу погрешни информации со стигматизирачки стереотип во однос на личностите со ментални болести. Психијатриските термини при тоа се користат на неадекватен, произволен, колоквијален и прилично офанзивен начин.

*Психијатријата и кинематографијата* се природно испреплетени во секоја смисла. И едната и другата дисциплина (наука и жанр) растеле паралелно од раните години на 20 век и достигнале сега веќе подеднаква возраст.

*Психотерапевтите* отсекогаш биле плодно креативно тло за режисерите и сценаристите, претставувајќи некој вид интерпретативен бајпас на една првенствено визуелна уметност.
Додека нараторот може да го опише внатрешниот живот на своите протагонисти во романите, кинематографската публика треба да го реставрира или елаборира внатрешниот јунак на индиректен начин со посредство на увидот на неговата акција на платно.

Поедноставна солуција е протагонистите на филмот да посетат психијатар/психолог и на тој начин, преку психијатриско интервју добиеме увид во внатрешната состојба на ликот.

Структурната разновидност на филмот и психопатолошките анализи се сè повеќе нераскинливо испреплетено поврзани и тоа не само како вид на двострана креација, туку и како можност меѓусебните влијанија да се претопат во дидактички категории и професионални поттици, како на режисерите и сценаристите, така и на психијатрите.

# Користена литература

1. Cape G. Addiction, stigma and the movies. Acta Psych Scand, 107, 2003, 163- 9.
2. Weeding D, Niemec R. The clinical use og films in psychotherapy. Journal of Clinical Psychology, 59, 2003, 207-15.
3. Wedding D, Boyd M, Niemec R. Movie and Mental Illness. Hogrefe, Huber Publishers, 2005.
4. Wahl, O. Media madness. Public images of mental illness. New Brunsvick, NJ: Rutgers Univerisity Press, 1995.
5. Hyler, S, Gabard O, Schneider I. Homicidal maniacs and narcissitic parasites: stigmatization of mentally ill persons in the movies. Hospital and Comunity Psychiatry, 42, 1991, 1044-48.
6. Hyler S. DSM-III at the cinema: Madness in the movies. Comprehensive Psychiatry, 29, 1988, 195-206.
7. Weddding D., Boyd, A.M.,Niemiec,M.R Movies and Mental Illness, 3 rd Ed. Hogrefe, Huber Publishers, 2010.

Прашања?



# Ви благодарам!

Д-Р ДИЈАНА МИЛОШЕВА